Во среда на 31 овој месец на две локации во општина Неготино, а во рамките на проектот „ENPOL-EE“ од програмата за прекугранична соработка Р.Грција-Р.Северна Македонија, се организира завршен финален настан со кој ќе биде одбележано успешното завршување на проектот. Настанот е од отворен карактер и од 12 часот првата активност ќе се одржи во паркот на УЕ3 урбан блок 12 со обраќање на градоначалникот на општина Неготино Тони Делков и претстаник на Инвест доел, по што ќе следи презентација на реализираните активности и резултати од проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничниот регион како индикативен фактор за политиката за животна средина“. Со втората и третата сесија од настанот се предвидува уредување на паркот на УЕ3 Урбан блок 12 со засадување на 100 садници, а исто толку садници ќе бидат засадени и на детското игралиште на ул„Марксова“-УЕ4 Урбан блок 14. Сите заинтересирани, се рабира со строго почитување на здравствените протоколи, можат да присуствуваат и да се запознаат со резултатите од проектот кој се реализираше во партнерска соработка на општина Неготино, СОУ„Св.Кирил и Методиј“, општина Пела и општинското јавно претпријатие за култура и развој на Пела-Грција.

АГЕНДА